**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** **ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје**

**За:**

**Бр.** 03-10

**Скопје** 22.07.**2021г.**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

**Предмет: Известување за претставка во врска со право на одговор и исправка**

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка (наш бр. 03-10/1 од 16.07.2021 година) од ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување во врска со текстот и прилогот со наслов „Сексуално образование на основците по терк на ХЕРА, од каде доаѓа Царовска“ објавен на ТВ Алфа на 12.07.2021 година и демантот објавен по нивно барање на 13.07.2021 година.

Во претставката меѓудругото се вели дека *„вака објавениот текст од телевизија Алфа претставува известување кое е спротивно на Кодексот на новинари, етичките вредности и е неспорно неточно и нефер известување. Дополнително, во самиот текст се спомнува ХЕРА, а ние воопшто не бевме контактирани да дадеме објаснување или мислење, како би го превенирале ширењето на лажни вести, говор на омраза и дискриминација особено кон ЛГБТИ лицата.“* Дополнително во претставката од асоцијацијата ХЕРА наведуваат дека демантот кој што го испратиле до ТВ Алфа не бил објавен согласно член 18 од Законот за медиуми.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги направи увид во програмата на ТВ Алфа емитувана на 12 и 13 јули и посебно на посочениот прилог во претставката со наслов „Сексуално образование на основците по терк на ХЕРА, од каде доаѓа Царовска“ и на демантот објавен следниот ден во вестите емитувани во 14:30, 17:30 и 22 часот со наслов: „ХЕРА демантира: Сексуалното образование да не се злоупотребува за политички маркетинг“.

Од увидот утврдивме дека ТВ Алфа во вестите не го емитуваше демантот согласно законските одредби, односно не го пренесе демантот на асоцијацијата ХЕРА во целост, селективно изостави суштински делови кои се однесуваат на прирачникот за сексуално образование и во продолжение на истиот прилог даде свој коментар на темата - воведување сексуално образование.

Ве потсетуваме дека правото на одговор и исправка е гарантирано со член 16 од Уставот на Република Северна Македонија. Во Законот за медиуми (членови од 17 до 28) е регулиран начинот на остварување на правото на одговор и исправка, при што е прецизирано дека „*Исправката се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата*“ (член 18 од Законот за медиуми). Исто така, „*Во*

*истото издание, односно програма од ист вид, не може заедно со исправката да се објавува и коментар на таа исправка или одговор на исправката*“ (член 19 од Законот за медиуми).

Согласно член 29 од Законот за медиуми, Агенцијата не може да постапува за начинот на спроведување на одредбите за правото на одговор и исправка, но согласно членовите 23 и 28 од Законот, заинтересираното лице има право на тужба против одговорниот уредник на медиумот пред надлежен суд.

Очекуваме дека ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје при вршењето на дејноста доследно ќе ги почитува професионалните стандарди при известувањето и законските одредби.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**